**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 јули 2023 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: јуни 2023 година

– Во јуни 2023 година, просечната каматна стапка на вкупните кредити забележа месечен раст од 0,03 п.п. и изнесува 5,12%. На годишна основа, оваа каматна стапка е зголемена за 0,85 п.п. Просечната каматна стапка на вкупните депозити изнесува 1,40% и е повисока за 0,18 п.п. и 0,73 п.п. на месечно и на годишно ниво, соодветно.

– Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити[2], во јуни, е намалена за 0,06 п.п. на месечна основа и изнесува 5,26%, додека на годишна основа бележи раст за 1,27 п.п. Просечната каматна стапка на новопримените депозити изнесува 2,70% и забележа месечно и годишно зголемување за 0,77 п.п. и 1,73 п.п., соодветно.

### Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити

| | 6.2022 | 9.2022 | 12.2022 | 1.2023 | 2.2023 | 3.2023 | 4.2023 | 5.2023 | 6.2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **4.27** | **4.35** | **4.44** | **4.98** | **5.00** | **5.04** | **5.08** | **5.09** | **5.12** |
| Корпоративен сектор | 3.44 | 3.59 | 3.84 | 4.60 | 4.63 | 4.70 | 4.79 | 4.81 | 4.86 |
| Домаќинства | 5.04 | 5.05 | 5.01 | 5.34 | 5.34 | 5.34 | 5.34 | 5.34 | 5.35 |
| **Новоодобрени кредити** | **3.99** | **4.09** | **4.83** | **5.05** | **5.20** | **5.26** | **5.44** | **5.32** | **5.26** |
| Корпоративен сектор | 3.68 | 3.72 | 5.02 | 5.19 | 5.22 | 5.27 | 5.53 | 5.36 | 5.26 |
| Домаќинства | 4.51 | 4.65 | 4.38 | 4.81 | 5.18 | 5.23 | 5.26 | 5.25 | 5.27 |
| **Вкупни депозити** | **0.67** | **0.70** | **0.86** | **0.93** | **1.00** | **1.11** | **1.17** | **1.22** | **1.40** |
| Корпоративен сектор | 0.97 | 1.11 | 1.34 | 1.35 | 1.75 | 1.74 | 1.82 | 1.92 | 1.99 |
| Домаќинства | 0.65 | 0.67 | 0.81 | 0.88 | 0.92 | 1.04 | 1.11 | 1.15 | 1.34 |
| **Новопримени депозити** | **0.97** | **1.07** | **1.34** | **1.51** | **1.71** | **2.04** | **2.23** | **1.93** | **2.70** |
| Корпоративен сектор | 1.53 | 1.08 | 1.09 | 1.00 | 1.40 | 1.10 | 1.62 | 1.50 | 2.11 |
| Домаќинства | 0.70 | 1.07 | 1.40 | 1.71 | 1.86 | 2.27 | 2.34 | 2.18 | 2.87 |

Извор: НБРСМ.

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити / новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити / кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[3]

– Во јуни, просечната каматна стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор бележи месечен раст од 0,05 п.п. и изнесува 4,86%. Притоа, нагорната промена е резултат на повисоките каматни стапки на кредитите во странска валута и денарските кредити без валутна клаузула (за 0,07 п.п. и 0,06 п.п., соодветно), додека каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула се намалени (за 0,01 п.п.). На годишно ниво, оваа каматна стапка е зголемена за 1,42 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор, овој месец, изнесува 5,26% и е намалена за 0,10 п.п. на месечно ниво. Анализирано по валута, промената се должи на намалувањето на каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула и кредитите во странска валута (за 0,91 п.п. и 0,40 п.п., соодветно), во услови на раст на каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,13 п.п.). Во споредба со истиот период претходната година, оваа каматна стапка е зголемена за 1,58 п.п.







Извор: НБРСМ.

[3] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

– Во јуни, просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор е зголемена за 0,07 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,99%. Нагорната промена во целост е резултат на растот на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,14 п.п.), додека каматните стапки на депозитите во странска валута и денарските депозити со валутна клаузула бележат пад (за 0,09 п.п. и 0,03 п.п., соодветно). На годишна основа, просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор е зголемена за 1,02 п.п.

– Каматната стапка на новопримените депозити[4] на корпоративниот сектор забележа месечен раст од 0,61 п.п. и изнесува 2,11%. Месечната промена произлегува од растот на каматните стапки на депозитите во странска валута и денарските депозити без валутна клаузула (за 0,72 п.п. и 0,37 п.п., соодветно). Овој месец, кај банките и штедилниците не се евидентирани новопримени денарски депозити со валутна клаузула. Каматната стапка на новопримените депозити на корпоративниот сектор бележи раст за 0,58 п.п. на годишна основа.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[5]







Извор: НБРСМ.

– Во јуни, каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата оствари минимален месечен раст од 0,01 п.п. и изнесува 5,35%. Промената во целост се должи на растот на каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,03 п.п.), во услови кога каматните стапки на кредитите во странска валута се непроменети, а каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула бележат минимален пад (за 0,01 п.п.). Анализирано на годишно ниво, оваа каматна стапка оствари раст за 0,31 п.п.

[4] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[5] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата, овој месец, изнесува 5,27% и е повисока за 0,02 п.п. на месечно ниво. Притоа, промената произлегува од повисоките каматни стапки на кредитите во странска валута и денарските кредити без валутна клаузула (за 0,36 п.п. и 0,11 п.п., соодветно), додека каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула се намалени (за 0,07 п.п.). Споредено на годишно ниво, оваа каматна е зголемена за 0,76 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата, овој месец, изнесува 1,34% што претставува месечен раст од 0,19 п.п. Растот се должи на зголемените каматни стапки на денарските депозити без валутна клаузула и депозитите во странска валута (за 0,23 п.п. и 0,15 п.п., соодветно), во услови на пад на каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,02 п.п.). Споредено на годишно ниво, оваа каматна стапка забележа раст за 0,69 п.п.

– Во јуни, каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата[6] забележа раст од 0,69% на месечна основа и изнесува 2,87%. Нагорната промена е резултат на растот на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и депозитите во странска валута (за 0,98 п.п. и 0,21 п.п., соодветно). Овој месец, кај банките и штедилниците не се евидентирани новопримени денарски депозити со валутна клаузула. Анализирано на годишна основа, каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата е зголемена за 2,17 п.п.

[6] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 31 август 2023 година (референтен пресек заклучно со јули 2023 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3108 430 или 02/3215-235 лок. 108/110.